## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), член 40 став 3 и член 14 став 3 и став 9 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16) и врз основа на точка 9 од Одлуката за начинот и постапката на известување за трансакции со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/14), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# У П А Т С Т В О
## за изменување на Упатството за начинот и постапката на известување за состојбата и промените на вложувањата на резидентите во хартии од вредност на странските финансиски пазари

1. Во Упатството за начинот и постапката на известување за состојбата и промените на вложувањата на резидентите во хартии од вредност на странските финансиски пазари („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/14 и 129/15) во точка 9, став 3, алинеја 4 и точка 10, став 3, алинеја 4, зборовите: „Прилог-шифрарникот на сектори на издавачи (согласно со Одлуката за национална класификација на институционалните сектори) е составен дел на ова упатство - 3. Сектор на издавач.", се заменуваат со зборовите: „Прилог-шифрарникот на секторите на издавачите е составен дел на ова упатство - 3. Сектор на издавачот.".

2. Прилогот: „1 Сектор на инвеститор" се заменува со нов прилог, „1 Сектор на инвеститорот", којшто е составен дел на ова упатство, додека прилогот: „3 Сектор на издавач" се заменува со нов прилог: „3 Сектор на издавачот", којшто е составен дел на ова упатство.

3. Ова упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2017 година.

У бр. 31775<br>
26 октомври 2016 година<br>
Скопје

Гувернер<br>
Димитар Богов

1. Сектор на инвеститорот

| Шифра | Назив на сектор и потсектор |
|---|---|
| 1 | Вкупна економија |
| 11 | Нефинансиски друштва |
| 11001 | Јавни нефинансиски друштва |
| 11002 | Домашни приватни нефинансиски друштва |
| 11003 | Нефинансиски друштва контролирани од странство |
| 12 | Финансиски друштва |
| 121 | Централна банка |
| 122 | Друштва кои прибираат депозити освен централна банка |
| 12201 | Јавни друштва кои прибираат депозити освен централна банка |
| 12202 | Домашни приватни друштва кои прибираат депозити освен централна банка |
| 12203 | Друштва кои прибираат депозити освен централна банка контролирани од странство |
| 123 | Фондови на пазарот на пари |
| 12301 | Јавни фондови на пазарот на пари |
| 12302 | Домашни приватни фондови на пазарот на пари |
| 12303 | Фондови на пазарот на пари контролирани од странство |
| 124 | Инвестициски фондови на непаричниот пазар |
| 12401 | Јавни инвестициски фондови на непаричниот пазар |
| 12402 | Домашни приватни инвестициски фондови на непаричниот пазар |
| 12403 | Инвестициски фондови на непаричниот пазар контролирани од странство |
| 125 | Други финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови |
| 12501 | Други јавни финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови |
| 12502 | Други домашни приватни финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови |
| 12503 | Други финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови контролирани од странство |
| 126 | Помошни финансиски институции |
| 12601 | Јавни помошни финансиски институции |
| 12602 | Домашни приватни помошни финансиски институции |
| 12603 | Помошни финансиски институции контролирани од странство |
| 127 | Затворени финансиски институции и позајмувачи на пари |
| 12701 | Јавни затворени финансиски институции и позајмувачи на пари |
| 12702 | Домашни приватни затворени финансиски институции и позајмувачи на пари |
| 12703 | Затворени финансиски институции и позајмувачи на пари контролирани од странство |
| 128 | Осигурителни друштва |
| 12801 | Јавни осигурителни друштва |
| 12802 | Домашни приватни осигурителни друштва |
| 12803 | Осигурителни друштва контролирани од странство |
| 129 | Пензиски фондови |
| 12901 | Јавни пензиски фондови |
| 12902 | Домашни приватни пензиски фондови |
| 12903 | Пензиски фондови контролирани од странство |
| 13 | Држава |
| 1311 | Централна влада |
| 1313 | Локална самоуправа |
| 1314 | Фондови за социјално осигурување |
| 14 | Домаќинства |
| 141 | Работодавачи и работници за своја сметка |
| 143 | Вработени |
| 144 | Приматели на доход од сопственост и доход од трансфери |
| 15 | Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата |

## 3. Сектор на издавачот

| Шифра | Назив на сектор и потсектор |
|---|---|
| 3 | Сектор нерезиденти |
| 31 | Нефинансиски друштва |
| 31001 | Јавни нефинансиски друштва |
| 31002 | Приватни нефинансиски друштва |
| 32 | Финансиски друштва |
| 321 | Централна банка |
| 322 | Друштва кои прибираат депозити освен централна банка |
| 32201 | Јавни друштва кои прибираат депозити освен централна банка |
| 32202 | Приватни друштва кои прибираат депозити освен централна банка |
| 323 | Фондови на пазарот на пари |
| 32301 | Јавни фондови на пазарот на пари |
| 32302 | Приватни фондови на пазарот на пари |
| 324 | Инвестициски фондови на непаричниот пазар |
| 32401 | Јавни инвестициски фондови на непаричниот пазар |
| 32402 | Приватни инвестициски фондови на непаричниот пазар |
| 325 | Други финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови |
| 32501 | Други јавни финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови |
| 32502 | Други приватни финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови |
| 326 | Помошни финансиски институции |
| 32601 | Јавни помошни финансиски институции |
| 32602 | Приватни помошни финансиски институции |
| 327 | Затворени финансиски институции и позајмувачи на пари |
| 32701 | Јавни затворени финансиски институции и позајмувачи на пари |
| 32702 | Приватни затворени финансиски институции и позајмувачи на пари |
| 328 | Осигурителни друштва |
| 32801 | Јавни осигурителни друштва |
| 32802 | Приватни осигурителни друштва |
| 329 | Пензиски фондови |
| 32901 | Јавни пензиски фондови |
| 32902 | Приватни пензиски фондови |
| 33 | Држава |
| 3311 | Централна влада |
| 3313 | Локална самоуправа |
| 3314 | Фондови за социјално осигурување |
| 34 | Домаќинства |
| 341 | Работодавачи и работници за своја сметка |
| 343 | Вработени |
| 344 | Приматели на доход од сопственост и доход од трансфери |
| 35 | Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата |
| 36 | Меѓународни финансиски организации |